Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 337/0306
20.12 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 14-ти декември 2022 година, врз основа на примена жалба од Емилија Целакоска, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Текстот насловен „Половина од светските демократии пропаѓаат", објавен на веб-страницата на Телевизија 24, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 30-ти ноември 2022 година, Емилија Целакоска поднесе жалба за текстот со наслов „Половина од светските демократии пропаѓаат“, објавен на 30-ти ноември 2022 година на веб-страницата на Телевизија 24 (www.24.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во членовите 1 и 13.

Дополнително, жалителката нагласува дека насловот и спорната содржина наведуваат на спротивно значење во однос на изворната информација, а како потврда за тоа, посочи и веб линк до оригиналната објава.[1]

Таа смета дека употребениот збор „пропаѓање", наведен во насловот на оспорената содржина е лажен и тенденциозен и оти медиумот намерно не навел линк до изворот на веста за да се сокрие неточноста на објавата во насловот.

*„Споменатиот институт од Стокхолм информира за опаѓањето на квалитетот на демократијата, нејзина ерозија, но насловот од страна на Институтот е во насока – ургентност да се одговори на таа состојба“,* вели подносителката на жалбата, Емилија Целакоска.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија 24 и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Главната и одговорна уредничка на медиумот, Анета Додевска одговори на наводите на жалителот.

Додевска потенцира дека оспорената вест била преземена од Македонската информативна агенција (МИА), на која ТВ 24 била претплатена и затоа немало причина да се сомневаат во релевантноста на институцијата и на веродостојноста на текстот.

---

[1] (Kevin Casas-Zamora: Never before has there been such urgency for democracies to respond - YouTube)

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

*„Во објавената  информацијата се работи за авторска вест потпишана од новинар од информативната агенција која  автентично е пренесена речиси  од сите медиуми во земјава. Оттука  немаше  никаква причина или тенденција во нашиот медиум да објавуваме неточни информации“,* вели уредничката на ТВ 24 во одговорот на жалбата.

Во прилог на одговорот, Додевска посочи и неколку веб - линкови, како потврда дека истата вест со идентичен наслов ја пренеле и повеќе други медиуми, преземајќи ја од МИА.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека во оспорениот текст нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Комисијата не најде доволно елементи да констатира неточно и нефер известување и мешање на факти и мислење, вест и коментар, односно дека Кодексот на новинарите е прекршен во членовите 1 и 13, на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 14-ти декември 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорениот текст.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за куса агенциска вест, која пренесува извештај изготвен од Институтот за демократија и изборна помош од Стокхолм, поврзан со состојбата и квалитетот на демократиите во светот.

Комисијата оцени дека содржината е коректна и не ги повредува професионалните и етички стандарди. Станува збор за вест преземена од Медиумската информативна агенција (МИА), на која Телевизија 24 е претплатник. Текстот е пренесен дословно и без какви било дополнителни интервенции од страна на медиумот.

Во однос на самата содржина, Комисијата оцени дека, иако насловот на веста делумно има сензационалистички призвук, сепак суштински не отстапува од оригиналната терминологија употребена во извештајот на гореспоменатиот Институт за демократија. Имено, во дел од резимето на извештајот, се споменува зборот „ерозија“, што сам по себе не прави драстична компаративна разлика во однос на зборот „пропаѓање“ (на светските демократии), употребен во насловот и во првата реченица од текстот на ТВ 24.

Најпосле, се работи за преземена вест од Медиумската информативна агенција (МИА), за чии услуги ТВ 24 била претплатена и оттука, немало потреба да се сомнева во евентуалните пропусти во содржината пренесена од Агенцијата.

Членовите на Комисијата заседоа став дека медиумите, претплатени на сервисот на МИА, и кога би сакале, реално не би можеле да проверат толкав обем на информации што на дневна основа се продуцираат од државната агенција. Ова уште повеќе ако се знае дека МИА до своите претплатници дневно лиферува стотици вести, соопштенија, анализи, истражувања, интервјуа, партиски реакции, најави за настани итн.

Пропуст во однос на предметниот текст на ТВ 24, од етички аспект, мнозинството членови на Комисијата, препознаа единствено во отсуството на изворот на преземената информација, во случајов, МИА. Без да навлегува во начинот на кој се уредени обврските меѓу Агенцијата и корисниците на нејзините услуги, генерален став на Комисијата е дека изворот на веста требало да биде наведен, вклучително и да биде поставен линк до оргиналната содржина. На тој начин, медиумот ја намалува и својата одговорност во случај да бидат утврдени евентуални пропусти или неточни информации во преземената вест. Во овој контекст, Комисијата потсетува на правилото дека онлајн медиумите ќе настојуваат секогаш да го наведат изворот на информацијата со конкретно и прецизно упатување на тој извор. Од ваквиот став на мнозинството, се иззема само еден од членовите на Комисијата, кој сметаше дека, во случајов, изворот на информацијата воопшто не треба да биде неведен.

На крајот, Комисијата констатираше дека истиот текст со идентичен наслов бил пренесен и од повеќе други медиуми, кои не се предмет на жалба пред Советот за етика.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува Телевизија 24 (www.24.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595